Службен весник на РМ, бр. 165 од 29.11.2011 година

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ИНФОРМАТИЧКО ОПШТЕСТВО И АДМИНИСТРАЦИЈА

Врз основа на член 20 став (6) од Законот за инспекциски надзор („Службен весник на Република Македонија“ бр. 50/2010, 162/2010 и 157/2011), министерот за информатичко општество и администрација донесе

# ПРАВИЛНИК
# ЗА ФОРМАТА, СОДРЖИНАТА И ОБРАЗЕЦОТ НА УВЕРЕНИЕТО ЗА ПОЛОЖЕН СТРУЧЕН ИСПИТ, ОДНОСНО ЗА ПОЛОЖЕН ИСПИТ ЗА ПРОВЕРКА НА ЗНАЕЊЕТО ЗА ИНСПЕКТОР

### Член 1

Со овој правилник се пропишува формата, содржината и образецот на уверението за положен стручен испит за инспектор, односно за положен испит за проверка на знаењето за инспектор.

### Член 2

Уверението за положен стручен испит, односно за положен испит за проверка на знаењето за инспектор е дадено на образец на бела хартија во А-4 формат.

### Член 3

Образецот на уверението од членот 2 од овој правилник содржи: Грб на Република Македонија и текстот: „Република Македонија, назив на органот надлежен за издавање на уверението“, законскиот основ за издавање на уверението, назив на уверението за положен стручен испит за инспектор, односно положен испит за проверка на знаењето за инспектор, име и презиме на лицето на кое му се издава уверението, единствениот матичен број на граѓанинот, датум и место на раѓање, општина, држава, датум кога е положен стручниот испит за инспектор, односно испитот за проверка на знаењето за инспектор, со какво уверение се стекнува именуваниот/та, и констатација дека уверението е ослободено од плаќање административни такси, број и датум на издавање, место за потпис на министерот и печат.

Образецот на уверението од став 1 на овој член е даден во Прилог и е составен дел на овој правилник.

**Член 4**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр.18-4308/1
22 ноември 2011 година
Скопје

Министер за информатичко
општество и администрација,
м-р **Иво Ивановски** , с.р.